бр. 04-6565/1
19.12.2023

Врз основа на членовите 40-к и 40-л став 3 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 104/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/20, 174/21, 298/21, 67/22 и 65/23), членот 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), членовите 22, 23 и 24 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), членот 2 од Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 34/15) и членот 3 од Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија број 01-566/1 од 29.1.2021 година, број 01-4692/1 од 14.11.2022 година и број 01-4210/1 од 30.8.2023 година, Собранието на Република Северна Македонија со единствен матичен број 4064682, единствен даночен број 4030946338843, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2023
## за вработување на пет (5) помошно – технички лица во Службата на Собранието на Република Северна Македонија на неопределено време за следниве работни места:

1. **Курир,** ниво А3, шифра УПР 04 05 А03 001, во Сектор за административни работи, во Одделение за канцелариско и архивско работење – Писарница – двајца (2) извршители,

**Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- основно образование;
- со или без работно искуство.

**Распоред на работно време:**

- Работни денови: понеделник-петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: од 8:30 часот до 16:30 часот.

Паричен нето-износ на плата за работното место под реден број 1 изнесува: 26.559 денари.

**НАПОМЕНА:** Предвидени вработувања согласно со годишниот план на институцијата за 2023 година за работното место број 1 се: 1 Македонец/ка и 1 Албанец/ка.

2. **Работник за извршување на помошни работи,** ниво А3, шифра УПР 04 05 А03 007, во Сектор за технички работи, во Одделение за инвестиционо и тековно одржување и општи работи - двајца (2) извршители,

**Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- основно образование;
- со или без работно искуство.

**Распоред на работно време:**

- Работни денови: понеделник-петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: од 8:30 часот до 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нето-плата за работното место под реден број 2 изнесува 26.559 денари.

**НАПОМЕНА:** Предвидени вработувања согласно со годишниот план на институцијата за 2023 година за работното место број 2 се: 1 Македонец/ка и 1 Ром/ка.

3. **Возач II,** ниво А2, шифра УПР 04 03 А02 001, во Сектор за поддршка на генералниот секретар на Собранието, во Одделение за протоколарни работи - еден (1) извршител.

**Општи услови** кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- средно образование;
- работно искуство најмалку една (1) година како професионален возач;
- возачка дозвола за Б категорија.

**Распоред на работно време:**

- Работни денови: понеделник-петок;
- Работни часови неделно: 40 часа;
- Работно време: од 8:30 часот до 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нето-плата за работното место под реден број 3 изнесува 28.206 денари.

**НАПОМЕНА:** Предвидени вработувања согласно со годишниот план на институцијата за 2023 година за работното место број 3 се: 1 Македонец/ка.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето. Кандидатите поднесуваат Пријава за вработување во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, која може да се преземе од веб-страницата на Собранието, објавена во категоријата Транспарентно Собрание, во делот Огласи (http://www.sobranie.mk). Пополнетата пријава во целост и со точни податоци, заедно со доказите за исполнување на општите и посебните услови за работното место на коешто конкурирале, кандидатите треба да ја доставаат во затворен плик преку Писарницата на Собранието или преку пошта со назнака: „Јавен оглас за вработување на помошно-технички лица број 1/2023 “, на следнава адреса: Собрание на Република Северна Македонија ул. „11 Октомври“ бр. 10, 1000 Скопје.

Кандидатите со своерачно потпишаната пријава за работното место треба да ги доставаат доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар и тоа:

- Уверение за државјанство;
- Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Извод од историјатот на вработување од Агенција за вработување на Република Северна Македонија како доказ за работното искуство;
- Диплома за завршен степен на образование (сите свидетелства за основно образование и сите свидетелства за средно образование вклучително и дипломата за завршено средно образование);
- Лекарско уверение за општа здравствена способност за работното место;

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи е три (3) работни дена, не сметајќи го денот на објавување на огласот.

Ненавремените пријави нема да се разгледуваат.

Изборот ќе се изврши во зависност од пријавените кандидати и тоа доколку се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Постапката за селекција ќе биде спроведена во две фази: административна селекција (проверка на комплетност на пријавата и доказите) и интервју.

При поднесување на пријавата лицето го наведува бројот на работно место за кое се пријавува.

Кандидатите се должни да достават прецизни и точни податоци.

Административната селекција и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување од страна на генералниот секретар на Собранието.

Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.

По спроведување на фазите од страна на Комисијата, се изготвува финална ранг-листа за работно место од јавниот оглас, која се доставува до генералниот секретар на Собранието, кој врши избор во рок од 8 дена.

Одлуката за избор на кандидатите ќе биде објавена на веб-страницата на Собранието http://www.sobranie.mk).

Изработил: Бојан Петрески
Контролирал: Александра Кокиновска
Одобрил: Дејан Мојсоски

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
Цветанка Иванова